

# СУСАНА СИЕРА

22.000.000



Изложбата е организирана во соработка со
Мексичката амбасада од Белград





**СУСАНА СИЕРА**

1942 Се раѓа во Сиудад Мексико

Индивидуални изложби:

1977 Подвижна изложба на Националниот институт за уметност низ Пуебла, Сан Мигел Аљенде. Агуаскалиентес, Монтереј, Гуадалахара и Мексико, Д. Ф.
1978 Дом на културата на Коауила, Мексико.
1979 Галерија Хуан Мартин, Мексико, Д. Ф.
1980 Галерија Миро, Монтереј, Н. Л.
1980 Галерија Хуан Мартин, Мексико Д. Ф.
1981 Музеј на модерната уметност, Мексико Д. Ф.
1982 Галерија Ел Агора, Ксалапа, Вер.
1982 Галерија Хуан Мартин, Мексико Д. Ф.
1983 Галерија Хуан Мартин, Мексико Д. Ф.

Заеднички изложби:

1974 Мексиканско-северноамерикански институт за културни врски, Мексико Д. Ф.
1975 Галерија Младо сликарство, Мексико Д. Ф.
1976 Биенале на Пуерто Рико
1977 Галерија Пеканинс, Мексико Д. Ф.
Учествува во основањето на Но-групата, Мексико Д. Ф.
X Биенале на младите сликари, Парис, Франција
1978 Февруарска изложба. Музеј на модерната уметност, Мексико, Д. Ф.
Нов акварел. Палата на уметноста, Мексико Д. Ф.
Прво ибероамериканско биенале на уметноста, Музеј Карињо Хил, Мексико Д. Ф.
Оддел за сликарство, Палата на уметноста, Мексико, Д. Ф.
Заедничка изложба, Културен центар, Чикаго, Илиноис, (САД)
Универзитет во Висконсин, Висконсин САД
Млади таленти, Универзитет во Аризона, Аризона (САД)
1979 Хакли музеј на уметноста, Мускиган, Мичиген САД
Галерија Про-Арте, Мексико, Д. Ф.
Заедничка изложба. Секретаријат за финансии, Мексико, Д. Ф.
1980 Смитсонијанскиот институт за уметност. Вашингтон, Д. С. (САД)
Оддел за сликарство, Палата на уметноста, Мексико, Д. Ф.
Вехте меморијален музеј, Сан Антонио, Тексас, (САД).
Гете институт, Мексико, Д. Ф.
1981 35 мексикански жени, Западен Берлин, Сојузна Република Германија, Меморијал на Фернандо Гамбоа, Гаелрија Слоане-Ракота, Мексико, Д. Ф.
Културен поттик Банамекс, Мексико, Д. Ф.
Подвижна изложба „Млади мексикански сликари“, Музеј на модерна уметност на Еквадор, Музеј на модерна уметност на Куба, Музеј на модерна уметност на Венецуела и Музејот на Коста Рика.
Уметниците и данокот. Секретаријат за финансии, Музеј Карињо Хил, Мексико, Д. Ф.
1983 Современа мексиканска уметност, Музеј на Дел Чопо, УНАМ, Мексико, Д. Ф.
Современа мексиканска уметност, Музеј на модерна уметност, Мексико, Д. Ф.
Творештвото на жените во Мексико, Дом на културата Морелија, Мичоакан.
35 жени, Музеј Карињо Хил, Мексико, Д. Ф.
Три децении мексиканско сликарство, Каса де лас Америкас, Хавана, Куба.
1984 Три децении мексиканско сликарство, Канада, Шпанија, Англија, Биенале на Хавана, Куба
Изложба на жени, Толука, Мексико.
Изложба на жени, Вашингтон, Д. Ф. (САД)

НАГРАДИ

1980 Награда за придобивки во Годишниот салон за сликарство, Палата на уметноста, Мексико, Д. Ф.
1982 Избрана да учествува во Карнеги Интернашонел, Питсбург, Пенсилванија, САД
1983 Награда за придобивки во Годишниот салон за сликарство, Палата на уметноста, Мексико, Д. Ф.

# Каталог

| | | |
|---|---|---|
| СПОЈУВАЊЕ | 70 x 50 см | 86 x 66 см |
| ПЛИМА | 70 x 50 „ | 86 x 66 „ |
| СВЕЖ ВЕТАР | 57 x 76 „ | 73 x 92 „ |
| РЕФЛЕКСИЈА | 57 x 76 „ | 73 x 92 „ |
| ЗВУК НА ПОЛЖАВИ | 57 x 76 „ | 73 x 92 „ |
| ЗВУКОТ НА ЧАСОВИТЕ | 57 x 76 „ | 73 x 92 „ |
| ПРЕСТОЈ | 76 x 96 „ | 92 x 112 „ |
| МИРНА ВОДА | 96 x 76 „ | 112 x 92 „ |
| ШЕПОТ НА БРАНОВИТЕ | 76 x 96 „ | 92 x 112 „ |
| СТРЕЛИ НА СОНЦЕТО | 96 x 76 „ | 112 x 92 „ |
| ПХИ | 102 x 85 „ | 118 x 111 „ |
| ВНАТРЕШЕН ЗВУК | 85 x 102 „ | 111 x 118 „ |
| ИЗВОР НА ТИШИНАТА | 85 x 102 „ | 111 x 118 „ |
| МЕСЕЧЕВА СТРЕЛА | 102 x 85 „ | 118 x 111 „ |
| ГАЛЕЊЕТО НА МУЗИКАТА | 76 x 120 „ | 92 x 136 „ |
| МИНЛИВИ ВОДИ | 76 x 120 „ | 92 x 136 „ |
| ТРИПТИХ (3 дела) | | |
| ХИМНА НА МОРЕТО | 66 x 153 „ | 82 x 179 „ |

Кога би правеле основна шема, сегашноста во уметноста би можела да се одреди како поделена на две големи струи: уметноста која работи во просторот што го спојува и одвојува уметникот од неговото дело (уметноста на изразот, да речеме) и онаа уметност која работи во просторот меѓу делото и гледачот (уметноста на перцепцијата). Оваа шема без сомнение е еден вид насилство врз уметничката стварност: но не престанува да има значење на еден можен пат за сознавање. Тоа е насилство зошто човековата и уметничката стварност се дадени во бескраен број нијанси, двојности и контрадикции што и се вродени. Но сепак, и покрај стариот проблем, денес не толку актуелен, меѓу фигурацијата и апстракцијата, ова ни дозволува да им се приближиме на вистинските содржини на делата, зависно од тоа која рационална компонента доминира: од геометријата кон концептуелната уметност или емотивната компонента: од информализмот кон фантастичната уметност.

Се чини нема никакво сомневање дека делото на Сусана Сиера се сместува во рамките на уметноста на изразот. Нејзиниот простор е лимитиран меѓу нејзината интима и делото што ја разоткрива и ја прави согледлива, а воедно и ја преведува и на одреден начин и ја затскрива. Можеби денес во Мексико нема уметник толку решително „информален“ како што е тоа Сусана Сиера. Но и покрај тоа што ја покажува непосредноста на гестот, на знакот, директниот начин да се фиксира една внатрешна емоција, нужно мора да бара една структура: зошто знакот на тој начин станува видлив, се здобива со консистентно присуство. Правоаголниците, и кога се неправилни, се појавуваат често; запазената хармонија на боите во секоја слика, решението во кој ни едно дело е готово и не му треаб повеќе текстура — поливалентното дело, користи рационална структура за да ги искаже вредностите на не-разумот, на чистото чувство. Крајностите се допираат. Но, што е разумот кога не се сведува на наметната и празна формула, ако не внатрешно убедување за неизбежноста на една теорема? На тој начин сликите на Сусана Сиера, кои навидум се чинат пофалба на случајната среќа, како химна на можното, се претвораат, заради внатрешното постојано нурнување и граничниот притисок што го произведува, во единствените можни слики во секој од моментите во кои биле остварени: како нужни во секој дел, во секој гест, во секоја текстура. Оттаму нивното присуство има дефинитивна сила на убедливоста.

Хорхе Алберто Манрике

Тоа е глас кој нема потреба да се повикува на крикот за да го оправда своето присуство.

Неговото ехо е тивко и треба да се слуша со длабок сензибилитет зошто тој не само што доаѓа до нашите уши туку молчаливо се нурнува до најдлабокото место во нашето битие за да ни ја испорача својата убава порака.

Затоа, во оваа громовита гласовитост што сега не заглушува само оние што поседуваат префинет сензибилитет можат да ја заберат тивката гласовитост на овој глас кој има многу што да ни каже како утеха за нашиот дух.

Да ја слушнеме, тогаш, во молк и со чувство.

Тамајо



СУСАНА СИЕРА

## МОТИВИТЕ НА ЕДНА СЛИКАРКА

ОД ГРАСИЕЛА КАРТОФЕЛ

Интересно е да се дознае зошто еден уметник почнува да слика. Во случајот со Сусана Сиера, самата укажува дека во фамилијата нема претходници што би ја поттикнале кон тоа, туку од детството чувствувала нешто посебно, чувство кое тешко може да се објасни, еден вид потреба од пластика, потреба да се конкретизира еден творечки чин. Во почетокот многу се интересирала за литературата а патот ја одвел во филозофијата, на одреден начин како еден вид спас од сè она за кое си поставуваме прашања а кое е толку недопирливо, од прашањето каква смисла има животот.

### ЗАЧЕТОЦИТЕ НА ЕДЕН ПАТ

Студиите ги минала на Академијата Сан Карлос, а особено со Мануел Фелгерес. Во тоа време нејзините дела имаат геометриски карактеристики, а со време, постепено, низ неформализмот доаѓа до претстава што ослободува. Ја напушта склоноста кон мали зраци светлост како потрога по животот и минува на многу понеобични форми, на форми кои не ја нудат регуларноста на геометриското, како што вели Херберт Рид. Учела и со Роџер Гунтен и учествувала на некои изложби на НО-групата, остварувајќи концептуални задачи сè до моментот кога ја согледува потребата да продолжи сама, во една индивидуална форма, со пластичните потраги и одгатките на филозофските прашања што ја преокупираат. Зен — филозофијата, паралелно со сликарството, е факторот што придонесува таа да се почувствува поинтегрирана во уметноста, и во животот воопшто.

### СЛИКАРСТВО И МИСЛА

На меѓународен план најмногу ја интересираат пластичните односи кај рускиот доселеник во Северна Америка, Марк Ротко и шпанската школа и ги чувствува најблиски до своето творештво и до своите немири. Во овие параметри би можеле да ги откриеме крајните точки меѓу кои се движи сликарството на Сусана Сиера. Во сликарството на овој уметник сè до оваа година се чувствуваше присутност на голема концентрација на материја и сила на изразот од оваа пополуостровска европска школа, евидентни низ еден драматичен барокизам, а од ова година почнува да ја напушта оваа тенденција. Другата крајна точка е дадена преку едно дело, исто така апстрактно, кое припиша на таканаречениот апстрактен експресионизам, информализам или лирска апстракција, или толку други имиња под кои се сместуваше ова движење. Но во овој случај под знаков познат во сликарството како „контемплативно сликарство" чиј претставник е Ротко. Се карактеризира со еден поинтензивен поетски акцент и потрага по суштинското — како што тоа го осветлува Зен-учењето, внесувајќи ја и тивката медитација.

Освен во случаите кога станува збор за гение, секогаш мора да се појде од нешто, од кое постепено се одвојува. Она што човек го учел и она што тој самиот е, се амалгамираат, сè меѓусебно се поврзува. Мене тоа ми се случи со сликарството кое ми стана начин на живеење. Порано одењето во ателјето бараше од мене максимален напор, чувствував подвоеност меѓу она што го создавав и она што го мислев, но како одминува времето сè повеќе сум си јас. Сè она што човек го мисли и не може да се пласира, но е еден вид искуство. А сето тоа бара голем напор, со потврдувања и фрустрации. Не треба да ги заборавиме ниту оние денови во кои колку и да работите ништо не ви излегува добро; зошто она за музите не е вистина, сè е концентрација и работа. Постојат сепак оние кратки мигови во кои се поистоветуваат со тоталноста и воедно со суштината. Во основа кај секој уметник е важно однесувањето зошто тоа е средството преку кое се извлекуваат — со чувствителност и доза на талент, — креативните достврели.

### КАКО СЕ СОЗДАВА ДЕЛОТО

Вообичаено е уметникот да се запраша дали во својата работа претходно изработува скици, дали изготвува повеќе или ниедна; дали врз платното исцрпува некакви индикатори. Во случајот на Сусана Сиера одговорот го разјаснува и текот на нејзиното работење. Напати правам скици, напати не. Но се случува овие скици да немаат ништо заедничко со делото што потоа ќе го насликам. Мислам дека кај мене тоа не се само скици, тие повеќе се студии, употребувам многу молив, работи кои досега не сум ги внела во моите слики. Белото платно е предизвик со кој мора да се соочам за да навлезам во суштината на тој дијалог. Обично ги отворам сите бои и кога ги гледам ми станува јасно дека токму таа е бојата која треба да стои таму, токму такво црвено или такво сино или тонот што настрана ќе го добијам. И она што таа боја врз платното ќе го предизвика во ланец предизвикува постојано.

Сусана Сиера, со толку години сликање, со секој ден сè повеќе ја цени вредноста на гестот, согледливо од ритмот што го вплетува во своите слики. Научила од многу работи да се одвои, особено од оние кои се одвеќе. Развива дематеријализација која видливо го модифицира нејзиното дело во потрага по суштината низ која опстојуваат нештата. Нејзино верување е дека уметникот не е никаков посебен вид човек, туку едноставно човек кој многу работи, како и другите. Во таа потрага по суштината се наоѓа и потрагата по рамнотежа, две многу тешки работи. Има многу уметници на кои парите и успехот ги зашеметиле, и нивниот живот е многу чуден.

### НАСЛОВИ, СИМБОЛИ И МАТЕРИЈАЛИ

Во текот на работата и при завршувањето на делото, тоа самото го сугерира насловот. На пример, чувствува дека тоа дело се однесува на ДУШАТА НА НОЌТА или на ВНАТРЕШНОСТА. Биолошкиот ритам на Сусана Сиера го диктира движењето, ги изразува нејзините чувствени мисли, и има негаторски однос кон човечкото суштество со неговите фантазии, искуства и проекти. Затоа Сусана Сиера ги слика овие проекти на тишината почувствувани под ѕвезденото небо на кое се гледаат единствени соѕвездија, божествени затемнувања, светлосни отсјаи и почести на движењето во еден дијалог на интими. За таа цел употребува акрилици — индустриски придонес кон нејзиното космичко дело — прашина од мермер и вулкански камен сомелен со кои се храни со геологија трајната убавина на нејзините слики исполнети со разновидни тонови, полни со гестови порано повеќе сега помалку текстурирани, исцртани, галени, промислени, разиграни.

Организатор: Уметничка галерија Скопје